Утрински Весник

Број 2969 петок, 24 април 2009







nextsense WebBuilder
Почни со „Утрински“
XML
sitemeter

Скопје

SHARE

# Одбележан Денот на планетата Земја



## На плоштадот „Македонија“ децата собираа пластични шишиња во контејнер висок 3 метри

На плоштадот „Македонија“ вчера со еден ден задоцнување беше одбележан Денот на планетата Земја. Американскиот амбасадор Филип Рикер, министерот за животна средина Неџати Јакупи и градоначалникот на Скопје Коце Трајановски потсетија дека грижата за околината треба да трае цела година, а не само еден ден.

Амбасадорот Рикер истакна дека САД преку програмите на УСАИД реализира голем број еколошки проекти во Македонија, вклучувајќи го и тој за селекција на отпадот и рециклирање на ПЕТ-пластиката. За градоначалникот Трајановски, Денот на планетата е најзначајниот роденден на светот, заради истакнувањето на грижата на луѓето за опстанокот на Земјата, од кој зависи и опстанокот на човекот.

Во рамките на манифестацијата, деца од повеќе основни училишта од целата држава облечени во маички со логото на акцијата „Собирај ПЕТ за подобар свет“ од улицата „Македонија“ до кејот „13 Ноември“ собираа стари пластични шишиња и ги депонираа во контејнер висок 3 метри поставен во Селото за рециклирање на плоштадот. Децата делеа брошури со основни информации како треба да се чува околината, да се штеди струја и вода, да се вози велосипед и да се рециклира. (С.Н.)

Статијата е прочитана 110 пати.

Скопје

Во Аеродром се градат детски игралишта по светски стандарди

Трајановски се жали на превработеност во Градот

Бела вода од „Окта“ повторно го загадува каналот во Миладиновци

Најчитани 10 во 10 дена
ГЛОБУС ON-LINE

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk